**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Витанов, Љубчо Георгиевски, Даниел Дончев, Илинка Митрева, Никола Рилкоски, Благородна Цветковска, Лазар Китановски, Ѓорѓи Оровчанец, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Оливер Шамбевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата. Благодарам.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Процедурално за збор се јави господинот Алити Рафис. Повелете.

Ве молам господине Алити да ми кажете по кој член ќе спорите за да можам да ви дадам поквалитетно објаснување.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, дами и господа,

За жал, велам за жал, сите сме сведоци дека овде се крши Уставот, Деловникот на Собранието и сигурно, некој ќе каже зошто пратениците од ДУИ го кажуваат гласот токму за оваа точка, зошто се противат токму тука, бидејќи е едно прашање што ги засега сите граѓани на Република Македонија, а посебно во овој случај Албанците, затоа што Бадинтеровиот механизам е создаден како заштитен механизам на етничките немнозински заедници во Република Македонија

Јас и парламентарната група на коалицијата ДУИ и ПДП навистина сме загрижени во однос на начинот на работењето на Собранието. Нашите аргументи за носењето на законот за полиција со Бадинтерово, изборот на началниците на полицијата на сите ни е познато дека со Законот за локална самоуправа командирите треба да се именуваат и од локалната самоуправа. Ова право се одзема на локалната самоуправа, со тоа што се формираат 8 сектори и ингеренциите им се даваат на секторите итн. Што значи треба да се гласа со Бадинтерово мнозинство.

Исто така, укажавме дека се работи и за употреба на јазикот, албанскиот јазик како службен јазик во локалната самоуправа во овој случај и афирмацијата на полицијата, како ќе комуницира полицијата со граѓаните.

Охридскиот договор, Анекс Б, точка 4-Собранието ќе донесе закон што ќе содржи дека секој локален командир на полицијата е избран од Советот на општината, од листа која што не содржи помалку од три кандидати, предложени од Министерството за внатрешни работи, од кои еден кандидат треба да припаѓа на заедницата што е во мнозинство во таа општина. Значи, секој командир на полицијата треба да го информира редовно или по барање на Советот на соодветната општина.

Дека Советот на општината може да даде препораки на локалниот командир на полицијата во области во однос на безбедноста, јавната безбедност и безбедноста во сообртаќајот, дека Советот може да донесе и годишни извештаси во врска со безбедноста и во јавниот живот што ќе се поднесе до Министерството за внатрешни работи и народниот правобранител. Законот за локална самоуправа, членот 36, ставовите 12 и 13-Советот го избира лицето кое раководи со регионалната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согласност со Законот, разгледува и донесува годишен извештај за јавната безбедност во регионот на општината, што го поднесува до Министерството за внатрешни работи и . . .

**Љубиша Георгиевски:** Господине Алити,

Го пречекоривте времето.

**Рафис Алити:** Да не барам збор повторно процедурално, да завршам со моето излагање.

**Љубиша Георгиевски** : Вие имате право на две процедури , тоа важи за сите пратеници.

**Рафис Алити:** Мислам дека имам право и вие треба да имате трпение да не сослушате, бидејќи се работи за кршење на Уставот. Мислам дека сето ова не е игра и вие ова треба да го разберете.

**Љубиша Георгиевски:** Да, меѓутоа кога веќе зборувате за процедура, јас морам процедурата да ја одржам. Според процедурата, јас морам да интервенирам.

**Рафис Алити:** Ќе бидам краток. Брзо ќе завршам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Рафис Алити:** Употребата на јазикот, Охридскиот договор, основните начела, точка 5 од Уставот на Република Македонија амандман 5 став 4, Уставот на Република Македонија амандман 12 став 2, закони што директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи, употребата на симболите, Собранието ги носи со Бадинтерово начело.

Доколку го земете амандманот 12 и го прочитате, за она што распраравме на минатата седница, ставот 2, вели "Да ги разгледува мислењата и

предлозите на Комитетот и да донесува одлуки во врска со нив".

Ме чуди зошто толку брзате. Еднаш не отворате расправа во врска со одлуката на Комитетот со односи меѓу заедниците и потоа да преминеме на дневниот ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете сега да ви го дадам моето појаснување.

Прво, ми се чини дека вашата дискусија во голем дел беше во однос на содржините а не процедурално. Во крајна линија тоа е ваша работа и затоа може да ви се појави недостиг на време.

Второ, што се однесува до правната регулатива, дозволете ми да ви го цитирам амандманот 10 од Уставот кој вели:

"Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците". Комитетот заседаваше, реши како што реши и ние процидуиравме. Благодарам.

Нека повели . . .

(Повеќе пратеници се јавуваат за збор процедурално, а меѓу нив и пратеникот Рафис Алити)

Процедурално не се води дијалог. Процедурално, ќе ви прочитам како е, дајте ми го . . .

(Пратеникот Рафис Алити доаѓа на говорница)

**Рафис Алити:** Прочитајте го амандманот 12 алинеја 2 и ќе видите како е.

**Љубиша Георгиевски** : Амандманот 12, алинеја 2 се однесува на друга ситуација. Појдовната ситуација е во амандманот 10.

**Рафис Алити:** Не, не. Амандманот 12, алинејата 2 е јасна, дека Собранието треба да дебатира. Треба да донесува одлуки во врска со мислењето на Комитетот.

**Љубиша Георгиевски:** "Собранието може да олдучува ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број пратеници" итн.

2. За закони што директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници , при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

Ве молам, додека ја водиме процедурата, процедуралната расправа, ве молам да се држите за единствениот член во Деловникот што се однесува на процедуралната разлика, а не за друго. Многу е трапаво и оставаме дилетантска слика ако водејќи процедурална дискусија ја кршиме процедурата.

Значи, не знам кој број беше, кој член, сега ќе го цитирам на памет-ако некој од пратениците побара збор процедурално, претседателот веднаш му дава збор. Процедуралната интервенција трае три минути и потоа претседателот е должен да даде објаснување. Председателот не е должен да се впушта во дијалог.

Мене ми е жал, затоа процедуралните дискусии, интервенции може да ги добие секој пратеник од секоја пратеничка група и конзистентно со политичката определба на таа група, ако загуби време или ако не е задоволен од објаснувањето на претседателот, може сето тоа да се повтори. Инаку, процедуралните предлози, ако се истакне предлог, се гласа ако има основа. Ако има основ треба да се гласса, односно ако се спорни. Благодарам.

Нека повели господинот Дураки Садула.

(Повеќе пратеници бараат збор процедурално)

Не, не, овде има редослед ве молам.

(Пратениците дофрлуваат дека бараат збор процедурално)

Сите барате збор процедурално.

Се извинувам господине Положани, сите барате збор процедурално, а овде има редослед. И редоследот е исто така дел од процедурата. Ве молам стрпетесе, ќе дојдете на ред, имаме време. Никаде не брзаме.

**Садула Дураки:** Господине режисер, почитувани пратеници. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, правите грешка во процедурата , ве молам обратете ми се мене како на претседател.

**Садула Дураки:** Господине режисер. . .

**Љубиша Георгиевски** : Ве молам, ако јас бев во тоа својство и настапував како режисер, вие ќе бевте една моја драга публика.

**Садула Дураки:** Уште еднаш нагласувам господине режисер, почитувани пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, обратете им се пратениците, не мора мене да ми се обраќате. Тука нема да правам спорови. Ама, ве молам да бидете пристојни.

**Садула Дураки:** Повторно нагласувам господине режисер, почитувани пратеници . . .

(Реакции во салата со дофрлање да се исклучи микрофонот)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, нема да се занимавам со исклучување на сериозни субјекти одбрани од граѓаните на Република Македонија. Ве молам бидете љубезен.

**Садула Дураки:** Продолжувам понатаму.

Зошто го велам ова, додека вие го повредувате Деловникот и Уставот на Република Македонија не можете да бидете претседател на Парламентот, освен еден режисер со двајца сценаристи кои ги имате до вас. Јас побарав збор на процедурален начин. Причината на тоа е што Комитетот што е основа, т.н. Комитет без албанскиот глас, барам од претседателот на т.н. Комитет да објасни пред своето население, пред граѓаните на Република Македонија како е

донесена една таква одлука за повредување на Бадинтер. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Молам, ќе додадете ли по кој член споревте ?

Нема одговор, добро.

Алити Рафис по втор пат, ве молам почекајте оти два пати немате право.

Молам, Беџети Блерим.

Се извинувам, Хани Тахир.Ве молам. Да го запазиме редот. Сите ќе дојдите на ред.

Господине Тахир, исто така, бидете љубезен да кажете по кој член ќе спорите.

**Тахир Хани:** Почитувани пратеници, почитувани дами и господо,

Јас би укажал процедурално и сакам да нагласам дека на последната седница пратеникот Аднан Јашари не покрена спор околу точката на дневниот ред, туку господинот Аднан Јашари постави прашање дека оваа точка на дневниот ред, Предлог законот за полиција, дали ќе се гласа со двојно мнозинство или ќе се гласа со 2/3 мнозинство.

Затоа, амандманот 12 е доста јасен. Сите треба да ја следиме оваа процедура и не треба да се крши процедуралната страна. А таа е следна:

Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесе одлука во врска со нив.

Што значи дека, во Парламентот доколку се постави прашање кон претседавачот на седницата како ќе се гласа за точка од дневниот ред, тоа значи дека не отвора дебата, туку прашање што му се поставува на претседавачот на седницата. И претседавачот, ако не знае како ќе се гласа за таа точка од дневниот ред, тогаш тоа е прашање на претседавачот, кој ќе даде брз одговор или ќе побара консултации за информацијата што треба да ја даде.

Затоа, доколку ние би покренале спор дали да се гласа или не овој закон, Предлог законот за полицијата со двојно мнозинство, тогаш ќе дојдеше до израз амандманот 12 ставовите 5 или 6, каде што вели: "Во случај на спор во врска со спроведување на постапката за гласање во Собранието утврдена во членот 69 став 2, Комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите за тоа дали ќе сеспроведе постапката".

Затоа сакам да нагласам уште еднаш, треба да бидете свесни дека во моментов ја кршите постапката на Деловникот и Уставот. Сакам оваа точка од дневниот ред, Одлуката од Комитетот за односи меѓу заедниците треба да се стави на дневен ред во ова Собрание. Ние како Собрание да расправаме по таа точка од дневниот ред.

Јас барам Одлуката на Комитетот да се стави на дневен ред за да расправаме дали Одлуката на Комитететот е во ред или не е во ред. Во суштина, Комитетот е над Парламентот, бидејќи Парламентот не носи одлука околу одлука на Парламентот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи сега имаме директен предлог и директно барање од страна на пратеникот Хани Тахир, ве повикувам да гласаме. Да гласаме се симиња ли една веќе прифатена одлука, ќе ја дискутираме ли повторно таа одлука што ја . . .

(Реакција во салата)

Предлозите, предлозите . . .

(Реакција во сала со дофрлање да не се гласа)

Ако не се гласа, не се гласа.

Молам, следниот.

Нека повели господинот Алити Рафис. Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Мислам дека сме многу јасни, меѓутоа изгледа вие сакате да ги мешате работите.

Мислам дека не екоректно на овој начин да се повредува Уставот и уште еднаш ќе нагласам дека вашиот проблем беше во тоа што тој ден вие не сте знаеле во моментот да дадете одговор дали ова прашање оди со Бадинтер или не. И вам ви било јасно дека Предлог-законот за полиција е во однос на употреба на јазикот, во однос на децентрализацијата итн.

Многу ми е жал што уште еднаш ќе го прочитам амандманот 12 алинеја 2 што вие треба да го почитувате, а нашите реакции се токму околу повреда Уставот. Тоа што кажав, да го повредуваме тој е заштитен механизам кој што се создаде токму за заштита на припадниците на мнозинските заедници, тогаш сите ние во салата треба да размислиме каде ја водиме оваа држава, по кој пат ќе одиме понатаму. И, не случајно бараме овие работи со консензус да се одлучат.

Вие господине Георгиевски, прочитајте ја алинеја 2 амандман 12, а не амандманот 10 од Уставот. Тука многу јасно е напишано. "да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да носи одлука во врска со нив". Ние не сме виделе спор во оваа насока и тука не постои спор. Вие го отворивте тој спор од причина што не сте дали одговор тој ден во однос на тоа дали треба да се донесе со Бадинтерово мнозинство или не. Вие го отворивте тој спор и сега вие сакате да се извадите од таа ситуација само со тоа што Комитетот донело одлука и според тоа и ние треба да дејствуваме. А, од друга страна вие сте свесни, а и ние сме многу искрени и чесни дека вие тоа го правите свесно. Значи, повредата на Уставот за тоа, не да се стави на дневен ред, туку пред да почне новата седница, расправата во однос на донесувањето на предлог законот за полицијата, ние треба да расправаме за одлуката на Комитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Што се однесува до првиот дел од вашата интервенција тоа веќе го расправивме и за тоа сметам дека не ви должам објаснување.

Што се однесува до вториот дел од вашата интервенција дека ние овде не сме знаеле дали законот односно не сме имале став во однос на тоа дали ќе се гласа по Бадинтер или не, па

наводно според вас заради тоа сме испровоцирале спор, јас ќе ви кажам дека процедурата на Бадинтер е исклучок во гласањето на Парламентот, а не е правило. Според тоа, бидејќи е исклучок, а тој исклучок не беше изричито спомнат во материјалите кои што ги добивте нормално требаше да заклучите дека ќе се гласа не по Бадинтер, а нормално со просто мнозинство. Тоа е моето објаснување.

Нека повели господинот Беџети Блерим.

**Блерим Беџети:** Почитувани дами и господа пратеници.

Господине Георгиевски вие го водите Собранието и сте повикани да ги почитувате сите поставки на Уставот, како и на сите други. Бидејќи, не сакам да се повторам со господинот Хани Тахир кој ве повика директно, јас уште еднаш ќе ве потсетам и ве повикувам со голема одговорност да бидете доследни и да работите на тоа на што се повикувате, на Уставот и деловникот. Тахир Хани ве повика директно, затоа вие немате поголем стимуланс во оваа држава за да се крши Уставот и законите на Република Македонија. Затоа, почитувајте го амандманот 12 и ставовите во тој амандман.

Прашањето на правните толкувања, секој правник знае дека може да се толкуваат и на овој и на друг начин, но има само еден Устав. Се додека има само еден Устав и вие доколку сметате на мајоризацијата, тоа време треба да разберете дека е поминато. Го рече и тоа дека Комитетот се става над Собранието на Република Македонија.Се додека Комитето има донесено мислење,вие сте должни на една идна седница да се расправа за мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците. Затоа, уште еднаш дозволете ми да ве овикам да не бидете најголем стимуланс на кршењето на Уставот и законите на Република Македонија. Веќе нема да биде од полза ниту за вас, ниту за нас. Бидејќи, во Уставот, е доста евидентно и јасно, вие на одреден начин додадовте спор, наводно дека има сор во барањето на нашиот колега од Парламентарната група. Тој ви побара да се произнесете според Деловниколт, а што вие е обврска да додадете, еднаш тоа го направивте и се трудите Парламентарното мнозинство преку вас се труди да ги искриви сите предвидени устави и закони. Доколку мислите дека со мајоризација ќе ги надминете сите овие работи, ќе ви кажам дека грешите. Затоа, почитувајте го Уставот и Деловникот, кои се изгласани од ова Собрание, иако во поинаков минат состав. Благодарам.

**Љубиша Герогиевски:** Јас исто така ви благодарам, особено на потсетувањето на мојата одговорност и на потсетувањето на сите грешки кои што би можел да ги направам, а тоа е потребно за секој, па затоа ви благодарам. Меѓутоа, процедурално објаснувањата по таа тема веќе ги дадов.

Нека повели господинот Положани Азис.

Само бидете добри и кажете по кој член ќе спорите.

**Азиз Положани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, не е некое посебно задоволство што ние денес пред вас излегуваме со разни предлози, за да го натераме Собранието уште еднаш да размисли за прашањата, кои за жал, се наметнуваат сега. Меѓутоа, наша задача е пред вас да покренеме уште еднаш едно вакво прашање и да го насочиме вашето внимание кон едно повредување, кое што за жал, не е добро ниту за Собранието, ниту за развојните процедури, демократските развојни процедури во Македонија како наша заедничка потреба. Овие процедурални интервенции се прават, ова ќе ви го објаснам господине Георгиевски, од фактот што ние кога побаравме до крај да се објасни фактот дека нема спор за ова прашање да биде поставено пред Комитетот така како што наметна овој парламент со своето мнозинство, вие не дозволивте тоа да го разјасниме до крај. Со мојоризација не се добива глас, меѓутоа, вие тоа сепак го направивте. Тогашната расправа се потпираше на фактот дали некоја претставничка на некоја нација во тој Комитет е легитимна претставничка или не е нелегитимна. Јас не сакам повеќе да одам кон таа насока, избегнувајќи ги можеби без да се осети многу фактите од суштината на проболемот. И тогаш и сега велиме дека немаше и нема некаква потреба овој Предлог закон или ова прашање да оди до Комитетот, не затоа што тој се основа со наметнување, како што сакаше да се пренесе тука, туку од фактот што е многу јасно дека овој закон произлегува од Законот за внатрешни работи, кој исто така задолжително се донесе со бадинтерово мнозинство, затоа што овој закон во себе има елементи на употребата на јазикот и други чувствителни елементи. Затоа, има потреба од политички консензус и етнички консензус и дека секако овој закон е поврзан и со елементите на локалната власт, затоа што со Уставот се знае дека и оние прашања кои што се на локалната власт треба да нема дилеми и треба да се донесат со Бадинтерово мнозинство. Тука, ние не велиме дека полицијата се децентрализира, туку односот, врската, на командирот на полицијата со Советот на општината, всушност е елемент на меѓусебна доверба со централните структури на полицијата и локалните авторитети, за да може да има заедничка одговорност за тоа што е се случи со дејствувањето на овој закон кај населението. Да заклучам, господине Георгиевски, дозволете имајќи предвид дека е процедуралната забелешка, ние тука уште еднаш сакаме да оставиме простор на Парламентарното мнозинство, за да рефлектира, затоа што се случува еден феномен. Ќе ве молам, овој Парламент или оваа Влада, оваа држава страдала во многу несакани ситуации поради мајоризации кои што се наметнуваа од мнозинското население во континуитет во минатото, што се случува сега. Сега се случува тоа што претставниците на заедниците кои што се

повикани да го заштитат своето право во Комитетот, тие се само исклучуваат и велат вие за овој закон, господине, гласате само како граѓани и немате потреба да не прашувате нас ниту како албанци, ниту како власи, ниту како роми. Оваа мојоризација која што се наметнува сега со самоисклучувањето на заедниците е од многу опасна релација која што води до нешто што јас не би сакал да го кажам и да го најавам. Затоа, немој  да дозволиме мајоризации, било да се тие како сегашните практики, било да се како новите што ни се наметнуаат сега, каде на пример, госпоѓата пратеник која што толку многу бараше да и го признаеме правото дека е од влашката заедница. Таа рече, јас сум подготвена да го заштитам правото на влашката заедница во Комитетот. Јас би ја прашал госпоѓата дали вака таа го штити правото на власите во Комитетот со тоа што го оспорува тоа право како заедница таа да учествува во одлчувањето. Значи, таа се повлекува своеволно од донесувањето на одлука. Ова е една нова форма во Република Македонија, форма на мајоризација. Мислам дека тоа е опасно и јас барам за парламентарното мнозинство да рефлектира и уште еднаш да го разгледа текот на оваа седница.

**Љубиша Георгиевски:** Ве млам, да не ме доведувате во положба нецивилизирана да исклучувам дистигнвирани џентлмени на ова општество да им го ислучувам микрофонот. Немојте да ме доведувате во таа позиција.

Молам, следните дискутанти стриктно да се придржуваат до две процедурални правила. Првото е три минути и второто е да не се терпетуираат истите теми, затоа што тоа веќе започнува да личи на мотоперпетуа и тоа може да трае 30 до 50 години. Ние не сме овде собрани да си ги испитуваме нервите, ниту да си измеруваме некои органи, кој има појака рака, а кој послаба рака. Ние сме овде претставници на граѓаните и се бориме секој за својот политички интерес сходно на цела процедура.

Што се однесува до процедуралните забелешки кои што се однесуваат на Уставот, ве молам таа ддискусија сметам дека е исцрпена, но за грешките процедурални во Уставот имаме уште најмалку два механизми преку кои што може да се исправат. Тоа е прво, и вие знаете дека секој закон треба да го потпише претседателот. Тој може да најде дека постапката во тој закон не била уставна и да го не го потпише и на крајот тоа е Уставниот суд. Ние сме најмалку повикани овде да го тематизираме Уставот на некомпетентен начин, а за тоа има специјална, посебна институција која може да го тематизира и кај која што секој субјект во Република Македонија има право да се жали.

Спорд тоа, ве молам, дајте да видиме што уште има од процедуралните забелешки кои не се однесуваат на Уставот. Впрочем, јас ги дадов тие објаснувања, ги давав повеќе пати, цел петок и сега и ве молам повелете ако имате некоја друга процедурална забелешка, повелете.

Му давам збор на господинот Агрон Буџаку.

Повелете.

**Агрон Буџаку:** Господине Георгиевски, почитувани пратеници, да не кажам дека е смешно, туку е трагикомично кога тој што претендира, кој е прецедател на Собранието, го крши Уставот на државата и се држи за неколку поставки и процедури кои и тие негi почитува. Кога на пример, на една седница, кога имаше реплики против реплики, кога имаше и процедурални, тој вели ова го заклучува, ова е една поставка арбитрарна, еднострана и диктаторска, значи со ова ја почнувам расправата. Доколку вие го кршите Уставот, доколку ги кршите и поставките во Парламентот во еден момент кога се носи еден значаен закон, ова треба да не загрижи, бидејќи сме под надзор на ЕУ и НАТО, каде ние претендираме да се интегрираме. Додека ние со ова како законодавен дом, тие кои се повикани  најмногу за да гласаат, на крајот на краиштата ги штитат законите доколку ние го кршиме Уставот и законите, ова е нешто што треба да не загрижи. Не се говори за процедура, обична процедура за еден закон, туку се говори за кршење на Уставот и одлучување на едноумието и тоталитаризмор на штета на демократијата, бидејќи овде е сосема извесно дека Комитетот е од 19 членови сите да го кажат своето мислење. Кажете ни вие каде беа односно колку члена беа во Комитетот. Значи, во тој Комитетот оспорен, бидејќи се направи една манипулација со влашката претставничка, па сосема е евидентно што таа не дојде да ни каже како е изнесено пред три месеци, тогаш се спори и самото поднесување на Законот да се разгледа во Комитетот, бидеји нема спор кога се говори за Уставот и кога се говори со закони кои претходно се донесени со Бадинтер, тогаш овде нема спор. Значи, се работи за една злоупотреба на вашето право и недозволиво е на владеењето на законот и одлучување на мајоризацијата е загрижувачко, господине Георгиевски, бидејќи се крши една поставка.

Затоа, уште еднаш размислете што правите, бидејќи овде не е ниту 1945 година, не е ниту 1990 година, туку сме во 2006 година и ние сега претендираме да се интегрираме во ЕУ. Клучниот елемент на мултиетничките и моноетничките закони е владението на законотм господине Георгиевски. Значи, владение на законот. Доколку вие го кршите Уставот и законите, јас ве повикувам да го имате предвид фактот дека ова нема да заврши како што вие сте замислиле, да го имате предвид ова, да размислите и да го вратите законот да не се расправа во однос на тоа што вие го зборувате. Ова е мојот повик.

**Љубиша Георгиевски:** Прво, процедурално вие го прекршивте времето и покрај моето општо предупредување тоа да не се прави, затоа што не е добро кога говориме за процедурите, да ги кршиме.

Второ, што се однесува до вашата забелешка, а која е незнам по кој пат, ако се вклучи целата

ваша Парламентарна група околу влашкото потекло на госпоѓа Кипаризовска, ако тоа нешто значи за вас, во меѓувреме и во печатот и секаде излегоа уште четири потврди од влашки организации во кои тие се гордеат со фактот што таа е влаинка.

На крајот, сакам и јас нешто сега да ве прашам. До кога ќе злоупотребувате, вие можете да ми лепите разни налепници, се разбира, во Парламентот тоа е рутина, етикети. Тоа е рутина во секој Парламент и против тоа немам ништо против. Но, кога веќе еднаш напишавте писмо до мене во кое објавувате дека се враќате во Парламентот, потписите на Парламентарната група и потписите на многу почитуваниот шеф на Парламентарната група Алити, вие не сте по процедурата обврзани такво писмо да праќате на господинот режисер Георгиевски. И, кога веќе со тоа писмо вие процедурално, свесно или несвесно, покрај вашето политичко не признавање, на кое имате полно право, вие процедурално треба сега после тоа писмо да ми се обраќате со господине претседателе. Ако не сакате, тоа е само одраз тоа е само одраз на вашето непочитување на процедурите. Но, ова е сигурно моја процедурална забелешка на вашите процедури, сигурен сум дека е непобитна. Според тоа, ве молам уште еднаш да не се терпетираат темите и повелете кој е следниот да земе збор.

Нема реплики во процедурална дискусија.

Му давам збор на пратеникот Јакупи Зумрете.

Повелете.

**Зумрете Јакупи:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас исто така го поддржувам реагирањето на сите пратеници на коалицијата ДУИ и ПДП. Реакциите на пратениците се поради тоа што има повреда на Деловникот и Уставот и тоа амандманот 12 став 5 во кој многу јасно се нагласува дека одлуките на Комитетот се расправаат во Парламентот. Јас барам одлуките на Комитетот да се стават во парламентарна расправа.

**Љубиша Георгиевски:** Назири Саферт нека повели.

**Назири Сафет:** Почитувани пратеници,

Незман сошто господинот Ѓоргиевски по секоја дебата ги коментира нашите постапки. Јас го коментирав Уставот на Република Македонија и не побарав на дневен ред на овој Парламент да се стави мојот предлог. На раководителот на оваа седница треба да му биде јасно, членовите од Уставот на Република Македонија не се ставаат на гласање, туку тој треба тоа да го проследи. Значи треба да се почитува Уставот на Република Македонија и одлуката на Комитетот треба да се врати односно да се стави на дневен ред на Парламентот, а не да предлага, да се расправа или да се гласа предлогот. Затоа уште еднаш не барам на оваа седница да се гласа за мојот предлог, туку да се почитува Уставот и тоа амандманот 12 од Уставот на Република Македонија. Значи одлуката на Комитетот да се врати на дневен ред во Парламентот и Парламентот да расправа по одлуката на Комитетот. Тоа е мое барање, а господинот Ѓергиевски да го познава Уставот и да постапува по него.

**Љубиша Георгиевски:** За закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образование, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратници, при што мора да има мнозински гласови од присутните пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба, го решава Комитетот за односи меѓу заедниците. Ова го читам по трет пат и повеќе немам намера да давам збор за процедурални интервенции во врска со Уставот, затоа што тоа пред малку го објаснив дека Уставот може да се спори и на други повисоки инстанци и ја презема таа одговорност.

Одиме понатаму.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Повеќе од евидентно е дека за моето барање за добивање на информации од вас господине Ѓеоргиевски, вие моето барање го претворивте во спор, иако ако прочитате во било која енциклопедија ќе видите дека барање и молба или она што е спор, има есенцијални или суштински разлики. Што направивте вие? Бидејќи претходно бевте подготвени со сценарио. Мислите дека сме толку наивни. Вие без наше сакање или барање создадовте спор само да се одлучи така како што вие сте одлучиле. Меѓутоа, зошто ние сега реагираме процедурално и кои се причините што парламентарната група на ДУИ - ПДП бара вакво нешто. Повеќе од евидентно е дека ние нема да го почитуваме до крај легитимитетот на Комитетот и секоја одлука донесена од страна на тој Комитет, за нас ќе биде нелегитимна одлука во тој правец. Вие многу добро го цитиравте амандманот кој го разговаравме, за донесувањето на одлуки според Бадинтеровото правило и видовте дека сите закони ги засегаат прашањата на јазикот, задолжително е да се донесат со Бадинтерово правило. Според тоа, законот за полиција, господине Ѓеоргиевски, задолжително треба да ги уредува прашањата кои се поврзани со употребата на јазикот во полицијата. Инаку во членот 34 нешто такво се прави. Тоа е основната причина зошто ние цениме, не дека само одлуката на Комитетот е незаконска, нелегитимна, е во спротивност директна и ги повредува уставните одредбви. Секако дека ние ќе бараме односно ќе покренеме процедура и пред Уставниот суд за оценување на уставноста на оваа одлука. Секако дека тоа ќе го направиме меѓутоа, ние сега сме упорни во правец на тоа вие да не дозволите Собранието да донесе закони врз основа на противуставни одлуки. Ќе повторам, немојте да дозволувате Собранието да

донесе закон основан врз одлуки кои се противуставни. Тоа ќе го правиме до крај.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на информацијата.

Има збор господинот Сулејмани и после него уште Џевад Адеми. Другите сите сте се јавиле, добивам тука информација.

Повелете господине Сулејмани.

**Фадил Сулејмани:** Почитувани пратеници, дами и господа, господине претседател на Парламентот, Ѓеоргиевски.

Овде се создава еден впечаток, во овој Парламент и надвор од Парламентот дека ние пратениците од ДУИ создаваме конфликтни состојби, дека создаваме проблеми, додека во суштина ние сакаме да го направиме спротивноста, да ги решиме или да ги спречиме тие проблеми што некој овде ги создава, гласајќи дискриминаторски закони, како што е конкретно овој закон за полиција. Ние сакаме да и помогнеме на Владата, да и помогнеме на позицијата, со овие наши негодувања, целосно разумни, да не влеземе во грешки кои како последица ќе има оштетување на интересите на нашите граѓани, во прв ред на албанското население кое приближно исто толку е големо колку и македонското население.

Владата на Република Македонија и Република Македонија бара да се интегрира во економските, научните, културните текови, евроатласнски, бара да станеме членка на Европската Унија, бараме да ги спроведе реформите од интерес на сите граѓани на Република Македонија, а од друга страна прифаќа и гласа вакви закони кои оштетуваат еден дел од наши граѓани, не само Албанци, туку од другите заедници.

Јас незнам од каде е тој страв, зошто да се плашиме. Значи и албанците и другите да го имаат правото во интер граѓанска комуникација, меѓу граѓаните и полицијата, да се почитува правото на одлуката, според мнозинството во една општина, за да се изберат командирите, да се почитува бројот на полицајците кои ќе работат во таа општина за да биде послесна комуникацијата, приближување на полицајците до граѓаните, да се почитуваат и прописите на општината, покрај македонскиот да биде и албанскиот јазик, а зошто не и другите јазици. Во однос на албанците, тоа ни се дозволува и со Охридскиот рамковен договор. Доколку ние го донесеме овој дискриминаторски закон, тогаш ние сме го прекршиле и Охридскиот рамковен договор.

На крајот, сакам да нагласам дека за ова што вие го прифаќате овој дискриминаторски закон а тоа нема да биде во нижиии интерес, повеќе ќе биде на штета на македонските граѓани, бидејќи доколку еден народ го спречува нормалниот развој на еден друг народ, повеќе штета ќе му предизвика на својот народ отколку на другите, фаворизирајќи го како еден супериорен народ и оставајќи го другиот во една инфериорна состојба. И стамиот сосед Македонец нема да се чувствува добро кога ќе види дека на албанецот му се крши едно право. Значи вие сте виновни за овој конфкокт кој го создадовте во Парламентот. Вие сте виновни што прифаќате дискриминаторски закони и вие ќе бидете виновници за сите незадоволства на граѓаните кои ќе се случат утре. Затоа ве повикувам сите да бидеме конструктивни, овој закон да се повлече, да се преработи уште еднаш и да се прилагоди така да биде од корист на сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Сулејмани пак имаме прекршување на времето, макар што морам да кажам дека беше задоволство да се слуша вашиот говор.

Бидејќи пак сме во рамките на истата процедурална сфера, ми се чини дека едно објаснување кон кое водеше и вашиот говор, како интонација, како предлог и како импликација, можам уште еднаш да ви потврдам дека уставно, мислам дека сум длабоко во право и не само јас туку огромното мнозинство на овој Парламент. Можам да ви повторам, иако вие сте еден брилијантен интелектуалец и ќе ве навредам ако ви повторувам, но процедурата ме обврзува на тоа, немојте ова да го разберете вака, да ви повторам дека инстанците за уставните забелешки, како прво се отворени. Второ, можете исто така да покренете широка општествена дебата, ова се одговори имплицирани од вашите ставови, да покренете широка општествена дебата, иако тоа не е проблем на овој Парламент. Можам исто така да ви кажам дека законот една година нема да важи односно ќе влезе во важност година дена и тоа не е тека напразно направено. Целта на тоа е да се има време да се размисли трипати, да се размисли петпати, да се интервенира, да се бара политички компромис во и вон овој Парламент итн. Тоа не е спорно. До тука не сме спорни. Спорно е, ако јас сега вратам една процедура која по мое мислење е изведена чисто.

Нека повели пратеникот Џевад Адеми и ја заклучуваме фазата на разгледувањето на овој закон, така наречената, условно да речам, процедурална фаза и после ќе преминеме на претрес по законот.

Повелете господине Адеми.

**Џевад Адеми:** Почитувани господине Ѓеоргиевски, почитувани колеги,

Се обидов сите овие денови, во Деловникот на Собранието на Република Македонија, да најдам едни прецизирања, формулации кои би ми разјасниле за тоа како да се позиционираме за работата, изјаснувањата или одлуките на Комитетот. Верувајте дека тоа не го најдов никаде.

Јас сум принуден да се повикам на Уставот на Република Македонија, на амандманите 10 и 12 кои се многу дискутирани и се плашам дека тоа е направено на контра продуктивен начин. Значи проблемот тука не е во процедурата, проблемот тука не е во пристапот на оваа или онаа

парламентарна група. Проблемот е во Комитетот. Еден механизам кој е добро замислен, добро прецизиран и со Уставот, се претвара во инструмент, всушност се деградира и се претвара во инструмент против целта за која е и создаден. Доколку наша цел беше да донесеме добри закони за граѓаните, добри закони за доброто на оваа наша заедничка држава, ајде да кажеме гласно, овој закон и без да се почне расправата по него ги поларизирал македонците и другите затоа што во тој Комитет, чија легитимност ние со право ја спориме, не учествуваат мнозинството на легитимни претставници на албанците, не учествуваа претставниците на турската, српската и бошњачката заедница. Затоа ве молам доколку го сметаме како апсолвирано изразувањето - селото кое што се предава не му треба калауз. Значи тука работите се јасни. Ние само дуваме на оган, на етничко поларизирање. Затоа, дозволете во име на сите оние граѓани кои ни ја дадоа власта, значи нивната сувереност, да ги слушаме тие малку претставници, албанци во тој комитет, да го слушнеме тој претставник на ромската заедница во тој комитет и да ја слушнеме почитуваната пратеничка претставничка на власите во тој Комитет, со кое право се самоисклучија, со кое право се award заможртвуваа и жртвуваа еден силен заштитен механизам. Нека не убедат. Ние сме луѓе. Пред аргументите сите клекнуваат.

Барам и молам претставниците на албанското мнозинство, претставничката на влашката заедница и претставникот на ромската заедница да не убедат нас што не сме биле во тој Комитет, за тоа кој бил аргументот за тие своеволно да се откажат од едно силно заштитно начело, како што е двојното мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам на вашата дискусија. Јас совршено се согласувам со вас, скоро во целост,прво дека прашањето не е процедурално. Прашањето е подлабоко, меѓутоа, се облекува во процедурален орнамент. Но, тоа исто така процедура, ова е Парламент и тоа е исто така избор на определена полилтичка групација како ќе се бори парламентарно за своите цели.

Мислам дека во втоиот дел од вашата дискусија елегантно влеговте во претресот на законот и давате прекрасен шлаг врз оваа седница, после зборот, по трет пат, на што има право господинот Алити, да поминеме на претрес по законот.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам за дадениот збор.

Јас најнапред ќе ви кажам зошто се обратив писмено како координатор на парламентарна група.

Сите ние знаеме дека ова Собрание е легитимно и легално и вие сте исто така легални, но го немата легитимитетот, наш легитимитет како етничка заедница, најголема во Република Македонија. Тоа говори дека ние го почитуваме овој дом и институциите на државата.

Ова беше мотивот зошто ви се обративме со дописот, а не се обративме на друго место. Така што образложението кое го дадовте не држи, додека за тоа што велите дека ќе ви го одземам зборот членот 85 од Деловникот на Собранието е јасен дека ние имаме право за процедурално и вие немате право да ни го ограничите ова право, или сакате и овде да не замолчите. Доколку сакате да не замолчите, мислам дека нема да биде добро. Мислам дека работите не се толку несериозни како што вие сакате да ги кажете пред граѓаните.

Јас уште еднаш ќе нагласам, ние сме загрижени со начинот како се кршат процедурите во ова Собрание, како се крши Уставот на Република Македонија. Јас ќе ви кажам дека ние сме загрижени, а зошто сме загрижени, дека Бадинтеровиот механизам се изгради по 2001 година како механизам кој ќе ги штити етничките заедници не мнозински во Република Македонија.

Господине Георгиевски и сите други, по уставните измени за формирањето на овој механизам на Бадинтер се пролеа крв и од македонците и од албанците и не е добро на овој начин вие да го прекршувате тоа што се изгради. Напротив, требаше да го најдете другиот пат, значи ние да изградиме една заедничка иднина. А на овој начин како што вие почнавте, ние сме свесни дека не градиме заедничка иднина, бидејќи повторно го инсталирате механизмот на мајоризација на помалите етнички заедници, а во овој случај во однос на етничката албанска заедница. Имено, поради ова и првиот ден и денес уште еднаш апелираме да изберете други начини за носење на овој закон. Секогаш има начини и патишта, но јасно е дека вие не сакате да чекорите по тие патишта. Сакате да чекорите по старите патеки кои на Македонија не и понудија една подобра иднина. Затоа велам, повлечете го законот, значи со заеднички консензус да донесеме еден закон кој ќе биде прифатлив за сите граѓани на Република Македонија.

И на крајот, барам два часа пауза во име на пратеничката група на ДУИ и ПДП.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Алити.

Нема да се впуштам во дискусија со вас по однос на вашите политички ставови. Тоа си е ваша работа, не се ни на дневен ред така формулирани. Но, треба да ви кажам дека ако се погледне снимката на овие два дена процедурална дискусија прво, ќе се дојде до заклучок дека тоа е можеби најдолга процедурална дискусија во историјата на овој Парламент.

Второ, со штоперица може да се измери дека јас не ве замолчував, туку напротив, јас вршев позитивна дискриминација кон пратеничката група на ДУИ. Тоа може да се провери со штоперица.

Што се однесува до вашето барање на пауза, го уважувам. Во рамките на максималното можно право за пауза, а тоа е до еден час.

Според тоа, пауза од еден час.

(Пауза од 11,06 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,11 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Министерот за внатрешни работи Гордана Јанкуловска побара збор.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе...

**Рафис Алити:** Јас треба да се изјаснам во врска со ставот на пратеничката група.

**Љубиша Георгиевски:** Како координатор на пратеничката група прво треба да се изјасни господинот Алити. Три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам. Навистина жалам за госпоѓата министер. Меѓутоа, процедурата е таква. Јас уште еднаш ќе го потврдам ставот на пратеничката група на ДУИ и ПДП, ние бараме да се повлече овој Предлог на закон од дневниот ред, затоа што не се бара итно да се донесе овој закон. Велам не е толку итен, затоа што ние имаме закон кој што е во сила. Ова го бараме затоа што, уште еднаш ќе кажам, треба еден поширок консензус. Покрај другото треба да имаме и етнички консензус меѓу нас. Законот е многу значаен за сите граѓани на Република Македонија, меѓутоа и за нас албанците. Токму поради тоа, поради сериозноста на донесувањето на овој закон бараме да се повлече од дневниот ред, затоа што како Собрание треба да прифатиме и да признаеме дека и Комитетот за односи меѓу заедниците кој што ја донел таа одлука не ја донел со полна легитимност од страна на сите етнички заедници. Јас уште еднаш ќе потсетам дека ние како пратеници на оваа коалиција ДУИ и ПДП претставуваме над 62% од албанците во Република Македонија. Мислиме дека мнозинството, или парламентарното мнозинство ќе се изрази позитивно на нашето барање. Ова го велам затоа што нашите намери не се да се блокира донесувањето на законот. Нашата намера е навистина да се донесе реформирачки закон, закон кој што ќе не приближи кон она што е заедничко тежнеење, значи Европската унија и НАТО. Додека вака доколку донесеме закон како што сме почнале не само што нема да се приближиме на Европската унија и на НАТО, туку ние понатаму ќе отвараме проблеми кои што биле во Република Македонија.

Значи, ние ги отвараме тие проблеми, наместо да ги затвораме. Токму поради ова јас уште еднаш ќе апелирам до мнозинството правилно да не разбере, затоа што нашата намера е да донесеме реформирачки закони, закони со европски стандарди. Додека овој Предлог закон не ги исполнува тие стандарди. Јас ќе кажам дека овој спор сме го имале и порано и токму поради тоа сакам да се постигне тој консензус за кој што апелираме ние кон вас како мнозинство. Затоа и на претседателот и на парламентарното мнозинство би ви предложил навистина нашите сугестии да ги прифатите сериозно.

**Љубиша Георгиевски:** Жалам, но за овој предлог е еднаш гласно овде. Јасен е резултатот од тоа гласање и нема што да се гласа.

За процедурално има десет пријавени пратеници.

**Оливер Спасовски:** Благодарам господине претседателе.

Во име на пратеничката група на СДСМ за дополнителни консултации бараме еден час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.

**Оливер Спасовски:** Бараме еден час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.

Ќе продолжиме со работа во 13,00 часот.

(Пауза од 12,19 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,15 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ја продолжуваме седницата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Збор давам на министерот Јанкуловска.

(Пратениците од ДУИ реагираат, бараат процедурална расправа).

Рековме, ја завршивме процедуралната, ќе си почекате малку. Може и после.

(Скоро сите пратеници од ДУИ се пред говорницата).

Јас по Уставот не сум задолжен да давам процедурално, јас имам право да оценам до кога и како. Ве молам, завземетете си ги местата.

Збор има министерката.

(Еден од пратениците на ДУИ ја вади картичката од претседателот).

(Без вклучен микрофон)

Бидејќи ми е исклучен микрофонот, картичката ми е одземена, повикајте ги службите на редот, ова е невидено во еден Парламент.

(Во тој момент стигнаа службите за обезбедување на Собранието).

Давам пауза од 30 минути, бидејќи не можеме да работиме.

(Реакција од стана на пратениците, бидејќи е веќе 13,20 часот, бараат пауза за ручек).

Добро, тогаш пауза до 15,00 часот. Тука е вклучен и ручекот.

(По паузата седницата продолжи во 15,08 часот)

Дами и господа пратеници, поради важни дополнителни консултации паузата ќе продолжи уште добри 15-20 минути, имајте трпение.

(Пак реакција од пратениците на ДУИ).

(По паузата седницата продолжи во 15,38 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Претседателот ги замолува пратениците од ДУИ да ја напуштат говорницата).

Ги молам службите да ги пребројат пратениците.

Ве молам седнете сите на своите места, не е почната седницата, седнете на своите места.

(Пратениците од ДУИ бараат процедурално)

Нема да има процедурално, тоа се заклучи.

Дајте ве молам да видам дали имаме доволен број пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците, реакција од пратениците на ДУИ велат дека тие не се тука, а заменик генералниот секретар им вели дека се во сала).

Бидејќи имаме доволем број на пратеници ја продолжуваме седницата.

(Пак му е одземена картичката на претседателот).

Ве молам службите да дојдат, службите да дојдат, не можам овде да говорам.

(Дојдоа службите за обезбедување на Собранието).

Давам збор на министерот Јанкуловска.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

(Додека министерката за внатрешни работи даваше експозе во врска со законот за полиција, цело време пратениците од ДУИ стоеа околу говорницата, удираа во ѕвончето и протестираа).

Еден од клучните предуслови за реализирање на обврските на Република Македонија, согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија, исто како и една од обврските на Република Македонија што произлегуваат од Рамковниот договор од 2001 година е донесување на закон за полиција.

За таа цел, согласно со потребата од нова поставеност на полицијата, односно воспоставувањето на нова организација и методи на работа за спротивставување на криминалитетот и сузбивање на сите негови облици, промени во односот на полицијата и јавноста со цел заедничка акција насочена кон превенција над криминалот, како идентификување на потребите и дефинирање на основите за изградба на современ модел на полициска организација, Собранието на Република Македонија, на својата 111-та седница одржана на 26 и 28 октомври 2005 година го разгледа и го усвои Предлогот за донесување на закон за полиција.

Собранието, воедно заклучи Владата на Република Македонија да го изготви и да предложи до Собранието Предлог на закон за полиција, при што ќе се земат предвид забелешките, предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела од одржаната собраниска расправа по предметниот закон.

По извршената анализа на клучните сегменти неопходни за изготвување на наведениот закон, Министерството за внатрешни работи изготви Предлог на закон за полиција, чиј текст беше доставен до Владата на Република Македонија, а на предлог на Министерството за внатрешни работи Владата на Република Македонија на својата Втора седница ја усвои Информацијата за активностите на МВР во врска со донесување на законот за полиција.

Во изготвувањето на овој закон беа направени напори да се направат широки консултации со различни претставници од различни работни групи. Притоа беше направен напор во соработка со Секторот за Европски интеграции да се усогласи предложениот текст од аспект на усогласеност со Законот за прекршоците, Законот за заштита на личните податоци, како и стандардите односно принципите на Европската унија.

За таа цел Министерството за внатрешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Дирекцијата за заштита на личните податоци изврши ревидирање на текстот на Предлог законот, односно беа усогласени одредбите со решенијата предложени во Законот за прекршоци, како и проблематиката за заштита на личните податоци.

Посебно внимание е посветено на укажувањата од структурите на Европската унија кои се преточени во консолидираното мислење на Европската унија беа земени во предвид во процесот на анализа и усогласување на одредбите од предложениот закон.

Воедно во процесот на изготвување на текстот на Предлогот на законот за полиција, користени се голем број на компаративни искуства од земји со сличен општествено политички систем како општествено политичкиот систем на Република Македонија.

Во ова насока искористени се компаративните искуства од Законот за полиција на Република Хрватска од 2000-та година, Законот за полиција на Република Словенија од 1998 година како најблиски до условите во кои се воспоставува и остварува полициската функција во Република Македонија, како и компаративните искуства на Германија, Белгија, Полска, Унгарија и Шветска во оваа област.

Истовремено при изготвувањето на законот земени се во предвид меѓународните инструменти со кои се гарантираат основните права и слободи на човекот и граѓанинот, а особено Општата декларација за човекови права усвоена од страна на Генералното собрание на Обединетите нации уште во 1948 година.

Во овие рамки како дел од усогласувањето на националното законодавство на Република Македонија со она на Европската унија со предложениот закон се следи интенцијата за воспоставување заеднички европски принципи и насоки за севкупните цели, надлежности и одговорности на полицијата, насочени кон обезбедување на сигурноста и инвидуалните права во демократското општество.

Ова е од особено значење во процесот на креирање на одредени решенија во предложениот закон, бидејќи се земени предвид обврските кои Република Македонија ги има преземено како членка на Советот на Европа.

Поставувајќи го законот за полиција во центарот на законските прописи со кои се регулираат прашањата од безбедносната сфера како и промовирањето на категоријата "полициски службеник", покрај веќе позната категорија "овластено службено лица" се обезбедува еднообразен праведен и праведлив третман на полициските службеници кон граѓаните во општеството.

Со предложениот закон за полиција се уредуваат полициските работи, организацијата, полициските овластувања и правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос на полициските службеници.

Имајќи го во предвид изнесеното, укажуваме дека реформата на полицијата претставува една од најважните реформи во Република Македонија. Притоа Република Македонија поаѓаше од определбите утврдени со стратегијата за реформи на полицијата усвоена од претходната Влада.

Ценејќи го политичкиот приоритет на Република Македонија за колку што е можна побрза европска интеграција и апроксимација на законодавството на Република Македонија со она на Европската унија, донесувањето на законот за полиција беше оценет како еден од клучните приоритети.

Оттука донесувањето на законот за полиција претставува потврда на стратешките приоритети на Република Македонија, како и реализација на значајните обврски кои државата ги презема во процесот на евроинтеграциите.

Благодарам претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Поради ритуалот на ифтар ја прекинувам седницата, продолжението ќе биде објавено на време.

Дополнително ќе бидете известени.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,48 часот)